Дневни билтени

2015

Февруари
Март
Април
Мај
Јуни
Јули
Август
Септември
Октомври
Ноември
Декември

2016
2017
2018
2019
2020

## Извадок на дел од дневни настани 17.07.2020

СВР Скопје – ЕВР Карпош ќе поднесе кривична пријава против Т.И. и Е.Н., двете од Скопје и против приватна детска градина лоцирана во кругот на основно училиште на ул.„Карпошово востание" во Скопје, поради постоење основи на сомнение „непостапување според здравствените прописи за време на епидемија", казниво по член 206 од Кривичниот законик. На 16.07.2020 околу 10.30 часот, по претходна добиена пријава од граѓанин дека градинката работи и згрижува деца, полициски службеници од ЕВР Карпош излегле на местото, при што било утврдено дека детската градинка работи и дека се згрижени осум деца, а во неа работат и 12 лица, меѓу кои и директорката Т.И. и сопственичката Е.Н.. Во координација со Јавен обвинител на местото излегле преставници на Државниот санитарен и здравствен инспекторот и Државниот инспекторат за труд. Тие констатирале дека не биле почитувани протоколите за работа на градинки во услови на прогласена пандемија на коронавирус, поради што детската градинка ја затвориле и ги известиле родителите да ги земат децата кои биле згрижени во објектот.

На 16.07.2020 во 14.30 часот на автопатот Неготино-Градско, во близина на локалитетот „Стоби", од полициски службеници од Полициската станица Неготино било запрено товарно возило „форд транзит", со скопски регистарски ознаки, управувано од В.Т.(33) од Скопје, во кое се превезувале 18 лица мигранти, сите од Бангладеш. В.Т. е приведен во полициска станица за понатамошна постапка. Извршен бил увид на местото на настанот од увидна екипа од Полициската станица Неготино. Известен бил Јавен обвинител, а мигрантите се сместени во Прифатниот транзитен центар „Винојуг"-Гевгелија.

На 16.07.2020 во 20.40 часот било пријавено дека на патот Градско-Прилеп се случила сообраќајна незгода помеѓу трактор „ИМТ" без регистарски ознаки, управуван од Д.М.(31) од Прилеп и товарно возило „фиат дукато", со прилепски регистарски ознаки, управувано од П.К.(48) од Прилеп. Во незгодата, возачот на тракторот се здобил со тешки телесни повреди, а со телесни повреди се здобиле сопатникот Х.М.(18) и уште еден сопатник на возраст од 17 години, констатирани во Градската болница Прилеп, каде што биле пренесени за укажување на лекарска помош. Извршен бил увид на местото на незгодата од Јавен обвинител и увидна екипа од Полициската станица Прилеп.

На 16.07.2020 во 12.00 часот во Полициската станица Ѓорче Петров, Д.С.(62) од Скопје пријавил дека на ул.„Лука Геров" бил каснат од куче скитник.

На 16.07.2020 во 18.15 часот во Полициската станица Аеродром, Б.Д.(43) од Скопје пријавила дека на ул.„Владимир Комаров" во близина на Железничка станица Скопје била касната од куче скитник.

Во текот на 16.07.2020 на подрачјето на СВР Скопје санкционирани се едно возило бидејќи било технички неисправно, еден возач бидејќи поминал на црвено светло и 27 возила се подигнати со специјално возило „пајак".

СВР Скопје – ЕВР Карпош ќе поднесе кривична пријава против Т.И. и Е.Н., двете од Скопје и против приватна детска градина лоцирана во кругот на основно училиште на ул.„Карпошово востание" во Скопје, поради постоење основи на сомнение „непостапување според здравствените прописи за време на епидемија", казниво по член 206 од Кривичниот законик. На 16.07.2020 околу 10.30 часот, по претходна добиена пријава од граѓанин дека градинката работи и згрижува деца, полициски службеници од ЕВР Карпош излегле на местото, при што било утврдено дека детската градинка работи и дека се згрижени осум деца, а во неа работат и 12 лица, меѓу кои и директорката Т.И. и сопственичката Е.Н.. Во координација со Јавен обвинител на местото излегле преставници на Државниот санитарен и здравствен инспекторот и Државниот инспекторат за труд. Тие констатирале дека не биле почитувани протоколите за работа на градинки во услови на прогласена пандемија на коронавирус, поради што детската градинка ја затвориле и ги известиле родителите да ги земат децата кои биле згрижени во објектот.

На 16.07.2020 во 14.30 часот на автопатот Неготино-Градско, во близина на локалитетот „Стоби", од полициски службеници од Полициската станица Неготино било запрено товарно возило „форд транзит", со скопски регистарски ознаки, управувано од В.Т.(33) од Скопје, во кое се превезувале 18 лица мигранти, сите од Бангладеш. В.Т. е приведен во полициска станица за понатамошна постапка. Извршен бил увид на местото на настанот од увидна екипа од Полициската станица Неготино. Известен бил Јавен обвинител, а мигрантите се сместени во Прифатниот транзитен центар „Винојуг"-Гевгелија.

На 16.07.2020 во 20.40 часот било пријавено дека на патот Градско-Прилеп се случила сообраќајна незгода помеѓу трактор „ИМТ" без регистарски ознаки, управуван од Д.М.(31) од Прилеп и товарно возило „фиат дукато", со прилепски регистарски ознаки, управувано од П.К.(48) од Прилеп. Во незгодата, возачот на тракторот се здобил со тешки телесни повреди, а со телесни повреди се здобиле сопатникот Х.М.(18) и уште еден сопатник на возраст од 17 години, констатирани во Градската болница Прилеп, каде што биле пренесени за укажување на лекарска помош. Извршен бил увид на местото на незгодата од Јавен обвинител и увидна екипа од Полициската станица Прилеп.

На 16.07.2020 во 12.00 часот во Полициската станица Ѓорче Петров, Д.С.(62) од Скопје пријавил дека на ул.„Лука Геров" бил каснат од куче скитник.

На 16.07.2020 во 18.15 часот во Полициската станица Аеродром, Б.Д.(43) од Скопје пријавила дека на ул.„Владимир Комаров" во близина на Железничка станица Скопје била касната од куче скитник.

Во текот на 16.07.2020 на подрачјето на СВР Скопје санкционирани се едно возило бидејќи било технички неисправно, еден возач бидејќи поминал на црвено светло и 27 возила се подигнати со специјално возило „пајак".

На 16.07.2020 во 07.30 часот во Полициската станица Драчево, С.Ф.(70) од Скопје пријавил дека околу 07.00 часот на терасата од неговата куќа на ул. „Китка" пронашол зрно од огнено оружје, а била оштетена и лимената кровна конструкција. С.Ф. го предал зрното на полициски службеници во Полициска станица Драчево. Се преземаат мерки за расчистување на случајот.

На 16.07.2020 околу 21.00 часот во СВР Скопје, Ф.И.(66) од Скопје пријавил дека околу 20.00 часот на терасата од неговата куќа на ул.„Вашинтонска" пронашол залутано зрно од непознато огнено оружје. Полициски службеници излегле на местото на настанот, при што пријавителот им го предал залутаното зрно и според пријавеното нема оштетување, ниту повредени лица. Се преземаат мерки за расчистување на случајот.

Одделот за внатрешна контрола, криминалистички истраги и професионални стандарди при МВР поднесе кривична пријава против С.М. и Д.С., поради постоење основи на сомнение за сторени кривични дела „повреда на чување на државната граница" и „непостапување според здравствените прописи за време на епидемија". Пријавената С.М., на 01.06.2020, како одговорен раководен работник во Полициската станица за Граничен премин Табановце, издала наредба на второпријавениот Д.С. да му дозволи влез во РСМ на Ѓ.К. од с.Петралинци, општина Босилово, без притоа да го евидентира во системот за контрола на патници и возила и да изврши минимални гранични проверки. На овој начин му овозможила на Ѓ.К. да оствари влез во државата без да приложи валиден негативен ПЦР тест или во спротивно да биде упатен во задолжителен државен карантин, согласно одлуките на Владата со справување со ковид-19.

На 16.07.2020 околу 22.30 часот на ул.„Сретко Крстевски" во Гостивар, полициски службеници на СВР Тетово - ОВР Гостивар лишиле од слобода тројца малолетници од гостиварското село Дебреше, на возраст од 15 и 16 години, затоа што при преглед кај нив била пронајдена марихуана. По целосно документирање на случајот, против нив ќе биде поднесена соодветна пријава.

СВР Тетово поднесе кривична пријава против М.А.(44) од Горни Милановац, Р.Србија и уште едно лице, поради постоење основи на сомнение за сторени три кривични дела „разбојништво". Пријавените, во април, мај и јуни 2018, најчесто во периодот од 20 до 21.30 часот, во три маркети во Тетово со закани со пиштол од вработените одзеле вкупно близу 140.000 денари.

На 16.07.2020 полициските службеници на СВР Тетово, во рамки на континуираните сообраќајно-контролни активности, изготвиле 27 писмени предупредувања за некористење на сигурносен појас, а откриле и санкционирале и осум непрописно паркирани возила, четири лица кои управувале возила без положен возачки испит и друг вид прекршоци. На сите прекршители им се изготвени поднесоци.

На 16.07.2020 во 17.00 часот во Одделението за внатрешни работи Кавадарци била повикана Е.К.(23) од Кавадарци, поради сомнение дека како член на избирачки одбор, на гласачко место бр.687 во Кавадарци, на 15.07.2020 сторила кривично дело „повреда на тајноста на гласање". По целосно документирање на случајот, ќе биде поднесена соодветна пријава.

На 16.07.2020 во 16.23 часот во Полициската станица Делчево, Н.Т.(67) од с.Тработивиште, делчевско, пријавил дека на ул.„Скопска" во Делчево бил физички нападнат од А.Б.(31) од Делчево. По документирање на случајот, против А.Б. ќе биде поднесен соодветен поднесок.

На 16.07.2020 во 04.00 часот во Полициската станица Кичево било пријавено дека на ул.„Партизански одреди" во Кичево бил нарушен јавниот ред и мир со физички напад извршен од Н.А.(39) врз М.Д.(40), двајцата од Кичево. Напаѓачот е повикан во полициска станица и против него е поднесена соодветна пријава.

На 16.07.2020 во 18.30 часот во СВР Охрид, Б.Ј.(27) од охридското село Горно Лакочереј пријавил дека на бул.„Туристичка" во Охрид бил каснат од куче скитник.

На 17.07.2020 околу 05.30 часот во СВР Струмица било пријавено дека во казино во с.Василево, струмичко, едно лице со закана со нож од вработениот одзел пари. Се преземаат мерки за расчистување на случајот.

На 16.07.2020 во 00.11 часот во СВР Битола било пријавено дека околу 00.00 часот во с.Бучин, крушевско, Н.М.(26) од Битола, пред училиште во с.Бучин, бил физички нападнат од С.Д., полициски службеник во ОВР Демир Хисар, Ј.Д. и Љ.М., сите од с.Бучин, по што С.Д. со пиштол два пати истрелал кога Н.М. се обидел да избега со возилото. Полициски службеници од Полициска станица Крушево околу 15.30 часот го привеле С.Д. за понатамошна постапка. За настанот е известен Јавен обвинител и Одделот за внатрешна контрола, криминалистички истраги и професионални стандарди.

На 16.07.2020 во 21.00 часот во Полициската станица Центар, М.Ш.(63) од Скопје пријавил дека околу 18.30 часот, додека управувал патничко возило „цитроен" од бул.„Гоце Делчев" кон тврдина „Кале", му бил пресечен патот од патничко возило „опел астра", управувано од С.К.(27) од с.Батинци, скопско, при што тој застанал за да не дојде до сообраќајна незгода. Според пријавеното, додека М.Ш. стоел со возилото, дошол С.К. и физички го нападнал. Набргу потоа, на местото на настанот пристигнале полициски службеници, кои го привеле С.К.. Се преземаат мерки за расчистување на случајот.

На 16.07.2020 во 20.45 часот во СВР Скопје, С.А.(22) од Скопје пријавил дека околу 20.30 часот во двор од куќа на ул.„Андреја Петковиќ" бил физички нападнат од Ф.А.(37) и С.А.(57), двајцата од Скопје. Сочинет е записник за констатиран прекиршок по член 12 од Законот за прекршоците против јавниот ред и мир.

Надворешната канцеларија за криминалистички работи Струга поднесе кривична пријава против М.К.(43) и Б.П.(32), двајцата од Струга, поради постоење основи на сомнение за сторено кривично дело „тешка кражба". Во периодот од 23.03.2020 до 27.03.2020 пријавените со употреба на сила влегле во угостителски објект на ул.„Партизанска" и одзеле разни апарати, со што се стекнале со противправна имотна корист во износ од 250.000 денари.

Надворешната канцеларија за криминалистички работи Свети Николе поднесе кривична пријава против М.Ѓ.(50) од Свети Николе, поради постоење основи на сомнение за сторено кривично дело „предизвикување општа опасност". На 17.06.2020 пријавениот, под дејство на алкохол, започнал расправија со неговата сопруга и синовите, при што предизвикал пожар во помошна просторија и на кровната конструкција на куќата.

СВР Куманово поднесе кривична пријава против И.А.(58) од с.Режановце, кумановско, поради постоење основи на сомнение за сторено кривично дело „злоупотреба на службена положба и овластување". Пријавениот, вработен во Одделението за катастар на недвижности Куманово, на 22.02.2012 незаконски издал потврда за отстранување на техничка грешка во катастар на недвижности на две катастарски парцели во место викано „Суварија", со вкупна површина од 10,148 метри, кои биле запишани во имотен лист бр.1 за КО Мгленце на име на „непознати", а претходно од пописни листови сопственици биле А.Т. и Ј.Т.. Откако ја издал потврдата, извршил промена и имотот од парцелите го запишал во имотен лист на С.С., Д.С., С.С., С.С. и С.С., сите од с.Ново Село, без правен основ за запишување, при што самиот ја извршил постапката до крај и изготвил службена белешка, во која не образложил на кој начин е правена споредбата на податоците од пописниот катастар со новиот премер. Со ова ги оштетил Ј.Т. и А.Т., како и нивните наследници, сите од с.Старо Нагоричане, за имот - шума од наведените катастарски парцели.

СВР Струмица поднесе кривична пријава против В.А.(49) од Радовиш, поради постоење основи на сомнение за сторено кривично дело „непостапување според здравствените прописи за време на епидемија". На 15.06.2020 преку Граничниот премин Деве Баир пријавениот влегол во државата и пополнил изјава дека е транзит и дека за три часа ќе оствари излез од државата на Граничен премин Табановце. Наместо да се придржува на дадената изјава, тој се упатил во својот дом, при што постапил спротивно на прописите и наредбите предвидени од страна на Владата и Министерството за здравство.

СВР Штип поднесе кривична пријава против С.С.(22) и К.Ѓ.(35), двајцата од Кочани, поради постоење основи на сомнение за сторени кривични дела „непостапување според здравствените прописи за време на епидемија". Пријавените, без дозвола и без оправдана причина за итност, биле затекнати надвор од своите домови и не се придржувале кон воведената мерка „забрана на движење на подрачјето на Р.С. Македонија", со цел спречување на ширење на заразната болест ковид-19 и заштита на населението.

На 16.07.2020 во 15.00 часот во Полициската станица Карпош било пријавено дека од Јавна установа за згрижување деца со воспитно-социјални проблеми и нарушено поведение се оддалечила нивната штитеничка М.Е.(18). Се преземаат мерки за пронаоѓање на лицето.



МАКЕДОНИЈА БЕЗ КОРУПЦИЈА
Секој упад и злоупотреба на веб страницата на МВР е казнив по член 251 од КЗ на Република Северна Македонија

Министерство за внатрешни работи на Република Северна Македонија, ул.Димче Мирчев бр.9, 1000 Скопје.
тел: +389 (0)2 3 117 222 факс: (02)3112468 е-пошта: kontakt@moi.gov.mk

Изработено од Унет